# ХИДРОГЛЕТ Ф БЕЛ

*Смеса за израмнување на надворешни и внатрешни ѕидни и плафонски површини, изработени од бетон или малтер*
*Одговара на EN 998-1 (GP)*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За израмнување (глетување) на надворешни и внатрешни ѕидни и плафонски површини, изведени во бетон или малтер, за нанесување во слоеви со дебелина на еден слој до 5mm. Хидроглет Ф бел претставува одлична водоотпорна подлога за нанесување на дисперзивна боја, декоративен малтер, а се користи и за глетување на фасадната површина кај термоизолационите фасадни системи. Хидроглет Ф бел се употребува и како подлога за изработка на фрескоживопис.

## СВОЈСТВА

- еднокомпонентен;
- едноставен за приготвување;
- добра адхезија за подлогата;
- добра површинска јакост;
- добра отпорност на свиткување;
- добра отпорност на пукање;
- водонепропусен;
- отпорен на атмосферски влијанија;
- лесен за изведба;
- економичен

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| **СВОЈСТВО** | **МЕТОД** | **ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ** |
|---|---|---|
| Изглед | - | бела прашкаста маса |
| Волуменска маса | | 1,19-1,22g/cm³ |
| Густина на оцврснат малтер | EN 12190 | 1,35+/-0,05 g/cm³ |
| Паропропустливост на водена пареа | EN 1015-19 | <15 |
| Впивање на вода | EN 1015-18 | W1 |
| Атхезиона јакост | EN 1015-12 | ≥ 0,5N/mm²-FP:B |
| Јакост на притисок | EN 1015-11 | CS IV (≥ 6N/mm²) |
| Термичка спроводливост | EN 1745 | 0,44W/mK |
| Реакција на пожар | EN 13501-1 | Еврокласа А1 |
| Опасни супстанции | - | NPD |
| Дебелина на слојот | - | во еден слој 1-2mm |
| | | вкупна дебелина на слој до 5mm |
| Обработливост на температура од 20˚C | - | 2-3часа |





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

| | | |
|---|---|---|
| Отворено време за обработка на температура од 20˚C | - | 60-90min |
| Време на сушење на 20˚C, релативна влажност од 65% | EN ISO 1517 | целосно сушење на слој 12 часа |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да биде здрава, сува, чиста, обезмастена и обеспрашена, без лабилни позиции, соли и мувла. Новите вградени малтери, при нормални услови, на суво време, температура од 20°C и релативна влажност на воздухот од 65%, потребно е да исушат најмалку 1 ден за секој mm од дебелината. Кај старите малтерисани површини, треба да се провери јакоста и адхезијата на целата површина, при што треба да се отстранат сите лабилни позиции до здрава подлога. Санацијата на отворените позиции препорачуваме да се направи со Репаратур малтер Ф1. Постоечките премази не се соодветна подлога за вградување на Хидроглет Ф бел, поради што овие премази треба претходно сосема да се отстранат од подлогата со стругање, а потоа да се изведува обработката. Површините со појава на мувла, лишаи и сл, потребно е претходно да се исчистат и дезинфицираат. Пред нанесувањето на Хидроглет Ф бел, подлогата се навлажнува со вода. По потреба може и да се прајмерира со предпремаз од Врска У, разредена со вода во однос 1:3.Температурата на подлогата треба да биде од +10˚C до +35˚C. Хидроглет Ф бел не треба да се изведува на дожд, магла или силен ветер.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Хидроглет Ф бел се припрема со 5,4-6l чиста вода за една вреќа од 20kg, при што смесата постојано се меша до потполна хомогенизација. По замешувањето, се остава да одлежи 10 минути. Доколку е потребно да се подобри вградливоста, може дополнително да се додаде малку вода. Вградувањето е со мазна глетарка или шпахтла, во два до три слоја, со дебелина на слојот од 1-2mm. Вкупната дебелина на слоевите не треба да биде поголема од 5mm. По целосно врзување на секој слој, површините дополнително се обработуваат со фина шмиргла (3-5 дена од вградувањето на температура од 20°C и релативна влажност на воздухот од 65%). Обработените површини треба да се заштитат од сонце, силен ветер, дожд и прашина во период од 24 часа по вградувањето. Заштитата на површините е со завеси.

## ПОТРОШУВАЧКА

за слој од 1mm: 1,4 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Вентил вреќи од 20kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, заштитена од влага, во суви простории на температура од 5-35°C . Рок на употреба: 12 месеци.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## CE ОЗНАКА

CE

**АДИНГ АД Скопје**
Новоселски пат (ул.1409)бр.11, 1060 Скопје, Северна Македонија
**23**

**EN 998-1 (GP)**

**ХИДРОГЛЕТ Ф БЕЛ**

Општа намена за изведба/малтерисување

| | |
|---|---|
| Пропустливост на водена пареа: | < 15 |
| Впивање на вода: | W1 |
| Атхезиона јакост: | ≥ 0.5 N/mm$^2$ - FP:B |
| Реакција на пожар: | Еврокласа А1 |
| Јакост на притисок: | CS IV (≥ 6 N/mm$^2$) |
| Термичка спроводливост: | 0.44 W/mK |
| Опасни супстанции: | NPD |

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и очите, како и директно вдишување на прашокот. При контакт на производот со кожата, треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот дојде во контакт со очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Производот е незапалив.
Чистење и депонирање: Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.
Препорачуваме начинот за нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk